Архивски број: 08-137/4
17-12-2021 година

ПРИМЕНО - E PRANUAR
Со №   прилози ekzemplarë
20-12-2021
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP

Врска
XV П4 – 76/21

До
Основен граѓански суд Скопје
Скопје

Од
Комисија за спречување и заштита од дискриминација
ул. Даме Груев бр. 1, 1000 Скопје
Скопје

## БАРАЊЕ
### за вклучување во судска постапка како пријател на судот (amicus curiae)

На 25.06.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено барање за вклучување во судска постапка од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права.

Во барањето барателот ја извести Комисијата дека преку полномошник Адвокат Павлина Зефиќ има поднесено тужба од јавен интерес за заштита од дискриминација (actio popularis) до Основниот граѓански суд Скопје, по која е оформен предмет бр. XV П4 – 76/21. Тужбата е поднесена против Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Државниот просветен инспекторат, Општина Битола и Општина Штип, со барање да се утврди дека тужените сториле сегрегација, како посебен облик на дискриминација, врз децата Роми во образовниот процес со:

- Непреземање, односно пропуштање да се преземат активности за уредување на начинот на реонизација со цел избегнување на можна сегрегација;
- Непреземање, односно пропуштање да се преземат дејствија за контрола на одлуките за реонизација донесени од Општина Битола и Општина Штип; начинот на спроведување на одлуките за реонизација во пракса: начинот на запишување на децата Роми во училиштата;
- Непреземање, односно пропуштање да се преземат активности за рамномерно и соодветно распоредување на учениците Роми со другите етнички заедници во паралелките; непреземање, односно пропуштање да се преземат активности за процес на десегрегација во училиштата каде што постојат сегрегирани паралелки со деца Роми; непреземање, односно пропуштање да се преземат активности за санкционирање на актите на дискриминација сторени од основните училишта.
- Непреземање, односно пропуштање да се преземат дејствија за носење законски и подзаконски акти за детално уредување на начинот на категоризација на децата со попреченост, посебно децата Роми; непреземање, односно, пропуштање да се преземат дејствија за носење законски и подзаконски акти за детално уредување на составот на Комисиите и процедурата за ревидирање на нивните одлуки;

непреземање, односно пропуштање да се преземат дејствија за рекатегоризација на несоодветно категоризираните деца Роми кои учат во специјалните училишта.

Со оглед на тоа дека цитираната тужба е од јавен интерес, со неа се адресира потенцијален системски проблем кој опфаќа поголема категорија на луѓе, а имајќи ја предвид законската надлежност на Комисијата на барање на странката или по сопствена иницијатива да може да поднесе барање судот да и овозможи да дејствува како пријател на судот - amicus curiae, пропишана во член 21, став 1, алинеа 19, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го доставува ова барање за вклучување во постапката како пријател на судот.

Во овој поднесок Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како професионално тело за еднаквост ќе даде преглед и толкување на одредбите на повеќе потпишани и ратификувани меѓународни договори и на препораките на телата кои го следат спроведувањето на именуваните меѓународни договори, кои се однесуваат на превенција и заштита од дискриминација во образованието и отстранување на сегрегацијата како посебен облик на дискриминација.

## I.1. Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација на ООН

Во **членот 2, став 2** од Конвенцијата на државите – членки им се наложува обврска да преземат конкретни мерки во сите општествени полиња, за адекватен развој и заштита на одредени расни групи или индивидуи кои им припаѓаат на тие групи, за на истите да им се гарантира целосно и еднакво ползување на фундаменталните човекови права и слободи. Во **членот 3** од Конвенцијата содржана е обврската на државите - членки особено да ја осудат расната дискриминација и да ги преземат сите мерки за превенција, забрана и искоренување на сите практики од оваа природа на сите територии кои се под нивна јурисдикција. Суштинска обврска наметнува **членот 5** од Конвенцијата, која се однесува на фундаменталната обврска на државите – членки во согласност со членот 2, да ги преземат сите неопходни мерки за елиминирање на расната дискриминација во сите свои форми и да им ја гарантира на сите свои граѓани еднаквоста пред законот, без оглед на расата, бојата на кожа, национално или етничко потекло, **и со посебно внимание уживањето на правото на образование** (алинеа е, точка 5). **Членот 7** од Конвенцијата пропишува обврска државите – членки да усвојат итни и ефективни мерки, особено во областа на образованието, со насока за борба со предрасудите кои водат до расната дискриминација и за промоција на толеранција и пријателство помеѓу расните или етничките групи, но и за пропагирање на целите и принципите на Повелбата на ООН, Универзалната декларација за човековите права, Декларацијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација на ООН и на оваа Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација на ООН.

## I.2. Заклучни согледувања и препораки на Комитетот за елиминација на расната дискриминација

Во заклучните согледувања[1] на комбинираните осми, деветти и десетти периодичен извештај на РС Македонија кон Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација, Комитетот, во параграф 17, точка а) од согледувањата **нотира дека државата мора цврсто да го адресира прашањето на сегрегација на децата**

[1] CERD/C/MKD/CO/8-10 од 21.09.2015

**Роми во образованието. Државата треба да ги елиминира сите форми на дискриминација врз учениците Роми во пристап до адекватно образование и да се бори против стереотипите кои водат до социјално исклучување на учениците Роми.**

## II. Конвенција за правата на детето на ООН

**Член 2, став 1** од Конвенцијата за правата на детето им дава обврска на државите-членки на оваа Конвенција да ги почитуваат и да ги обезбедуваат правата на секое дете содржани во Конвенцијата под нивна јурисдикција, **без каква било дискриминација** и без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национално, етничко или социјално потекло, имотна состојба, попреченост, раѓање или друг статус на детето или неговиот родител или законски застапник. **Член 28, став 1, алинеа е)** се однесува на **правото на децата на образование и утврдува дека државите треба да преземат мерки за да го овозможат редовното присуство на училиште и намалувањето на стапката на напуштање на образованието/училиштето.**

## III. Конвенција против дискриминација во образованието на УНЕСКО

**Членот 3** од Конвенцијата пропишува дека **со цел укинување и спречување на секоја дискриминација, државите – членки се обврзуваат да ја прекинат секоја управна практика која допушта дискриминација во областа на образованието.** **Во членот 5** од Конвенцијата државите – членки се согласни дека образованието треба да биде насочено кон целосен развој на човековата личност и кон зацврстување на почитта за човековите права.

Оваа Конвенција е во склоп на спроведување на програмската насока на Владата на РС Македонија за остварување на концептот „Едно општество за сите" и нејзиното неспроведување се коси со примарните заложби на Владата на РС Македонија за создавање на општество со еднакви можности за сите граѓани.

## IV. Европска комисија против расизам и толеранција при Советот на Европа (ЕКРН)

Во параграфот 72 од петтиот извештај за РС Македонија од 2016 година, ЕКРН ја повторува својата препорака **властите неодложно да престанат со практиката на несоодветно упатување на ромските деца во образовни установи кои се наменети за ученици со интелектуална попреченост, а децата кои се веќе засегнати со ваквата практика да се интегрираат во редовното образование.**

## V. Рамка на Европската Унија за Националните стратегии за интеграција на Ромите

Во работниот документ за мерки за инклузија на Ромите, во склоп на рамката на Европската Унија за Националните стратегии за интеграција на Ромите[2], се наведува дека **голем проблем во инклузијата на Ромите во РС Македонија останува сегрегацијата на**

---

[2] SWD/2019/320 од 05.09.2019

**децата Роми заедно со неоправданото запишување на децата Роми во специјалните образовни установи за деца со посебни потреби.**

## VI. Извештај на Европската Комисија за напредокот на РС Македонија од 19.10.2021

Во делот на извештајот кој се однесува на инклузијата на Ромите во РС Македонија, **Европската Комисија констатира дека сегрегацијата во училиштата на учениците Роми останува висока.**

Скопје
17.12.2021

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска